**ПРОГРАМА ЗА ПРАКТИКАНТСКА РАБОТА И ВРАБОТУВАЊЕ**

ДОГОВОР ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ ПРАКТИКАНТСКА РАБОТА – ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ОБУКА ЗА ОЛЕСНУВАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Склучен на ден 2010 година помеѓу:

Правното лице ___________________________со седиште во _______________ (адреса) застапувано од ____________________________________________(име и презиме), како обезбедувач на практиканска работа (во понатамошниот текст: Обезбедувач),

Агенција за посредување при вработување Место за мојата кариера од Скопје со седиште на ул.Орце Николов 63 1000 Скопје-Центар застапувано од Елена Зафировска , како организатор на практикантска работа (во понатамошниот текст: Организатор)

и

Лицето ____________________ , средношколец /ученик со завршено средно насочено образование/ студент / дипломец /пост дипломец / ___ година на ___________________________, со адреса на живеење _____________________ ,ЕМБГ _________________, e-mail/тел.: _______________________________________ како корисник на практикантска работа (во понатамошниот текст Практикант),

ОСНОВНИ НАЧЕЛА

Овој договор се потпира врз начелата на Националната програма за практикантска работа и вработување што се спроведува со непосредна поддршка од страна на УСАИД – Проектот за конкурентност, Владата на Република Македонија - Министерство за образование, Министерство за Труд и социјална политика и Министерство за економија.

Исто така, Националната програма за практикантска работа и вработување ја подржуват сите акредитирани државни и приватни универзитети во РМ преку потпишани посебни меморандуми со кои се регулираат взаемните односи во органзација и евалуација на практикантската работа низ формите на редовното високо образование.

Како организатор на практикантската работа и овластен имплементатор на Националната програма за практикантска работа и вработување, овој договор го обезбедува Агенцијата за посредување при вработување Место за Мојата Кариера, лиценцирана Агенција од страна на Министерството за труд и социјална работа со Решение бр.______, и истиот го базира на одредбите со кои се регулира извршувањето на подготвителни обуки како форма за олеснување – приближување на процесот за вработување и тоа согласно одредбите од член 3 став 6, член 12 став 5, членовите 14, 15, 16, 19 и членот 42 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност и согласно одредбите од

Законите  за високо и средно образование со кои се утврдува задолжителното посетување практикантска работа во процесот на редовното образование и оспособување за соодветни стручни звања и квалификации.

Член 1

Со овој договор се уредуваат меѓусебните права и обрски кои произлегуваат помеѓу Практикантот и Обезбедувачот и опис на ативностите кои се непосредно поврзани за стекнување на практично искуство и евиденцијата на практикантската работа.

Член 2

Практикантска работа претставува активност од интерес за Република Македонија која придонесува за подобрување на квалитетот на студентското и средното насочено усовршување, при што се постигнува младите луѓе уште во процесот на студирањето - учењето или по нивното непосредно завршување,  да се стекнат со практично работно искуство, како форма на реална подготвителна обука што понатаму би го олеснила, односно приближила процесот на нивното вработување, правејќи ги подготвени да се вклучат во реалните работни процеси.

Член 3

Под практикантска работа се подразбира остварување на организиран процес на придобивање стручни и практични занења, непосредно или посредно поврзани со образовниот процес или стекнатото знање на дипломираните средношколци или студенти, во реална работна средина под водство на ментори. Менторите се искусни и квалификувани професионалци именувани од страна на Обезбедувачот на практикантската работа. Менторот има обврска на практикантот несебично да му го пренесува своето знаење и да му обезбеди вовед во работната средина, организациска поставеност, како и да го запознае Практикантот со правилата и процесите во компанијата.

Практикантскта работа може да се извршува за време на учебната – студентската година, но и за време на летнот распуст, во услови кои нема да го нарушат одвивањето на редовната наставна програма, со времетраење од 20 работни денови до максимални 6 месеци од денот на потпишувањето на овој договор.
Со овој Договор не се ограничува можноста да се остварува практикантската работа на доброволна основа, без.надоместок, односно Обезбедувачот не е должен да му исплаќа на Практикантот придонеси од плата и други надоместоци за време на траење на практикантската работа.
Под практикантска работа,  не се подразбира вршење на волонтерски стаж како што е  пропишано со  Законот за работните односи.
Со овој догвор се утврдува спроведување на практикантска работа  во период од __________ до _________

Член 4

Практикант е физичко лице кое прима вештини и знаења за сопствена корист, но во полза на негово стручно доусовршување, на доброволна основа и без финансиска или друга лична добивка.

## II. Услови и начин на вршење на практикантската работа

Член 5

Практикант може да биде домашно и странско физичко лице (наведено во анекс 1 од овој договор).
Практикант може да биде и малолетно лице со писмена согласност од неговите родители или старатели.
Договорот за практикантска рбота со малолетни лица може да се склучи само со писмена согласност од нивните родители или старатели (наведено во анекс 1 од овој договор).
Одредбите од Законот за работните односи, кои се однесуваат на заштита на лицата од 15 до 18 години, соодветно се применуваат на малолетните лица кои остваруваат практикантска работа.

Член 6

Организаторот на практикантската работа ја утврдува потребата од ангажирање на практиканти, видот на услугите и начинот и постапката за обезбедување на истите, врз основа на Националната програмата за практикантска работа и вработување (наведено во анекс 1 од овој договор).

Член 7

Организаторот на практикантската работа не смее практикантот да го стави во нееднаква положба заради расата, бојата на кожата, полот, возраста, здравствената состојба, односно инвалидност, религиозното, политичкото или друго убедување, националното или социјалното потекло, статусот на семејството, имотната состојба, половата насоченост или заради други лични околности.

## III. Права и обврски на практикантот и обезбедувачот на практикантска работа

Член 8

Практикантот има право:

- во писмена форма да го добие описот на правата и обврските кои треба да ги исполни и да биде запознаен со условите и опасностите поврзани за време на практицирањето, пред започнување на остварувањето на

практичната работа или обуката за вработување што би се извршувала на самото работно место;
- да биде запознаен со општите акти на обезбедувачот на практикантската работа, односно на оние делови кои се однесуваат на работните задачи и обврски , за кои е ангажиран;
- да користи средства за заштита при работа согласно со прописите за заштита при работа;
- на обука, доколку истата е потребна за квалитетно извршување на практикантското работење;
- на отсуство за време на практицирањето, ако за тоа постојат оправдани причини;
- на дневен одмор;
- да биде консултиран и информиран при одлучување за начинот практицирањето;
- доколку е претходно договорено со Обезбедувачот, Практикантот има право да му се плаќа надомест, поврзан со практикантската работа (надомест во висина на хранарина и превоз на ниво на компанијата, трошоци за службени патувања и трошоци за обука)
- на заштита на приватноста и личните податоци.

Член 9

Практикантот е должен да:

- го извести обезбедувачот на практикантската работат за болеста или други причини за неможноста за остварување на практикантското работење;
- да ги почитува позитивните законски прописи, договорот за практикантска работа и општите акти на обезбедувачот на практикантска работата со кои претходно е запознаен;
- ги остварува задачите и обврските кои произлегуваат од практикантското работење лично и непосредно;
- учествува во обука, со цел да се обезбеди квалитетна дообразба за олеснување на процесот на евентуално идно вработување;
- Практикантот е должен да ги чува како тајна сите информации и податоци кои ќе ги дознае во текот на практикантската работа и по завршување на истата
- го извести обезбедувачот на практикантската работа за штетни последици за кои е запознаен кои можат да настанат за организаторот и за самиот себе или за трети лица.

Доколку практикантот претходно го известил обезбедувачот за штетните последици во врска со ставот 1 алинеја 6 на овој член, истиот нема одговорност за направената штета.

Член 10

Практикантот кој за време на вршењето на практикантска работа намерно или од крајна небрежност ќе предизвика штета кај обезбедувачот на практикантската работа, должен е да му ја надомести штетатата на обезбедувачот на практикантската работа, согласно со одредбите од Законот за облигационите односи.
Обезбедувачот на практикантската работа е должен да му ја надомести евентуалната штета која поради објективни околности ја претрпел практикатот за време или во врска со вршењето на практикантскта работа, согласно со одредбите од Законот за облигационите односи.
Практикантот кој за време или во врска со вршењето практикантска работа ќе предизвика штета кај трети лица, должен е да ја надомести согласно со одредбите од Законот за облигационите односи.

Член 11

Обезбедувачот на практикантската работа е должен да:

- обезбеди услови за вршење на практикантската работа согласно со овој договор, начелата, принципите и методологијата којашто произлегува од Националната програма за практикантска работа и вработување;
- обезбеди ментор и истиот да го испрати на соодветна обука утврдена со Програмата (наведено во анекс 1 од овој договор);
- му наложи на менторот, согласно утврдената методологија, континуирано да се грижи за практикантите и нивните активности и соодветно да ги насочува, поттикнува и евалуира.
- обезбеди материјали и средства за вршење на практикатската работа;
- обезбеди навремена исплата на однапред договорените трошоци (доколку се договорени);
- обезбеди тајност на податоците и заштита на приватноста;
- обезбеди други услови за кои меѓусебно тие се договориле;
- доколку, според договорот со Обезбедувачот, практикантот прима плата и друг вид на надомест за извршената практична работа по основа на трошоците поврзани со практикантската работа утврдени во договорот, се плаќа персонален данок на доход согласно со одредбите на Законот за персонален данок на доход (наведено во анекс 1 од овој договор).
- По завршување на практикантската работа на практикантот ќе му се издаде потврда за извршената практикантска работа која ги содржи работните задачи и активности кои ги извршувал практикантот и евалуациона листа која понатаму ќе му послужи за идно вработување (наведено во анекс 1 од овој договор).

Член 11а

Организаторот на практикантска, работа ќе му овозможи на обезбедувачот на практикантска работа непречен пристап и контрола на просториите и податоците во врска со овој договор.

Член 12

Кон овој договор за организирање практикантска работа се утврдува описот на активностите кои се непосредно поврзани со стекнувањето на практичното искуство на работното место кои произлегуваат од постоечката систематизација кај обезбедувачот на практикантскта работа :

Практикантот се ангажира на местото _____________ со следните работни задачи и обврски :

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________.

За прашањата кои ќе произлезат од практикантската работа, а кои не се уредени со овој Договор се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи.

Член 13

Договорот за практикантска работа престанува:

- со истекот на временскиот рок за кој е склучен договорот или ако се исполнети условите за кои истиот е склучен;
- со спогодбено раскинување;
- кога организаторот на практикантска работа престанува да работи без правен наследник;
- со денот на правосилна одлука за одземање на деловна способност на практикантот,

Практкантот може да го раскине договорот пред да истече времето за кое е склучен, со писмена изјава без обврска да ја наведе причината за раскинување на договорот, освен во случај кога раскинувањето може да предизвика штетни последици во работењето на обезбедувачот на практикантската работа или на трети лица.

Обезбедувачот на практикантската работа, може да го раскине договорот за практикантска работа:

- со престанување на можностите за спроведување практикантска работа;
- кога не е во можност да ги обезбеди условите за практицирање;
- кога ќе констатира дека практикантот не ги исполнува договорените обврски и
- во случај на кршење на етичките норми, донесени за одделни облици на исполнување на практикантското работење.

Договорната страна е должна писмената изјава за раскинување на договорот да ја достави до другата договорна страна во рок од триесет дена пред да го раскине договорот.

Член 14

Обезбедувачот на практикантската работа не смее да склучи договор за практикантска работа со цел да се избегне склучување на договор за вработување**.**

Член 15

Со склучување на договорот за практикантска работа, не се губат правата по основ на невработеност согласно со прописите за вработување и осигурување во случај на невработеност.

## V. Евиденција на практикантската работа

Член 16

Организаторот на практикантската работа - Агенцијата Место за Мојата Кариера, како имплементатор на Националната прграма за вработување е должен да води евиденција на практикантскта работа за сите практиканти за кои превзема обврска да организира практикантска работа и обука за вработување (наведено во анекс 1 од овој договор).

Начинот на водење на евиденцијата од ставот 1 на овој член е утврден со методологијата на Националната програма за вработување, а се остварува преку ажурирање на единственатадата база што е составен дел од информатички - интернет портал www.mojakariera.com.mk.

Во овој интернет портал се евидентираат сите практиканти и обезбедувачи на практикантска работа, взаемните евалуации и независниот меѓусебен избор на обезбедувачи на практикантска работа и практиканти, што е основно право со кое се стекнуваат поддржувачите на Националаната програма за практикантска работа и вработување кои се и потписници на овој договор.

## VI . Завршни одредби

Член 17

Обезбедувачот на практикантска работа, согласно документот – Услови за вклучување во Националната програма за практикантска работа – Моја Кариера, кој е составен Анекс кон овој Договор, се согласува да ги користи услугите – поединечни или пакети, кои се опишани со броевите:

---

Член 17а

Измени на овој договор ќе се вршат со склучување на Анекс на договор потпишан од сите договорни страни.

Член 17б

Сите спорови настанати по овој Договор ќе се решаваат во духот на добрите деловни односи помеѓу страните на договорот, а ако тоа не е можно тогаш надлежен е основниот суд Скопје 1 во Скопје (наведено во анекс 1 од овој договор).

Член 18

Договорот е склучен во 4 идентични примероци од кои по еден добиваат сите три страни – Организаторот, Обезбедувачот и Практикантот- корисникот на практикантската работа / корисникот на обуката за вработување, а еден се доставува до содветен државен орган / Агенцијата а вработување / Трудовата инспекција / по нивно барање како доказ за заштита на законитоста на вој вид облигациони односи кои допираат во трудовата област.

Договорени страни :

| | | |
|---|---|---|
| Организатор<br>Агенција<br>Место за Мојата Кариера<br>___________________ | Обезбедувач<br><br><br>_____________________ | Практикант<br><br><br>__________________ |

Место _______, датум

Анекс 1

Правила за ангажирање на практиканти:

1. Практикант може да биде:
    - Студент, кој е во тек на студии
    - Средношколец , ученик во средно училиште
    - Скоро дипломиран студент, завршен средношколец кој **не смее** да е постар од 33 години.
2. Образованието на практикантот **треба** да е соодветно на описот на работното место за кое се ангажира.
3. Договорот се заверува на **максимум 6 месеци**. Повторно продолжување на договорот за исто лице во иста компанија **не е дозволено**.
4. Доколку практикантот е малолетно лице, договорот се склучува **само** со писмена согласност од неговите родители или старатели. Една копија од согласноста заедно со договорот се поднесува во Моја Кариера.
5. Обезбедувачот на праксата **е должен** да му достави на практикантот една копија од договорот за пракса.
6. Практикантот **не смее** да работи повеќе од 20 работни денови во месецот или 20 часа неделно, освен во случај кога самиот практикант е согласен да работи поинаку.
7. Обезбедувачот на пракса **е должен** да обезбеди ментор за насочување и менторирање на практикантот (член 3 од Договорот за практикантска работа).
8. Доколку се исплаќа надомест на практикантот, истиот треба да се префрли на трансакциона сметка на практикантот и при тоа се плаќа и персонален данок.
9. Практикантот **е должен** еднаш во месецот да поднесе извештај за неговата практикантска работа на e-mail: cs@mojakariera.com.mk . Во спротивно, Моја Кариера нема одговорност доколку практикантската работа е неуспешна.
10. Доколку практикантот смета дека неговите права се нарушени од страна на Обезбедувачот на праксата, практикантот може да ја извести Моја Кариера на тел: 02/3222-991. Моја Кариера за секое непочитување на договорот има право да превземе мерки до надлежните институции со цел решавање на спорот во духот на добрите деловни односи.
11. Моја Кариера по случаен избор може да избере компанија каде ќе ги посети практикантите на нивното работно место.

12. По завршувањето на праксата, практикантот и обезбедувачот на пракса **се должни** да пополнат евалуација за практикантската работа која треба да се испрати на e-mail: evaluacii@mojakariera.com.mk. Евалуациите служат за генерирање на информации од искуството и знењето на практикантот за извршената пракса. Овие информации се анализираат и понатаму се испраќаат до образовните институции кадешто студираат практикантите, со цел да се надмине јазот помеѓу понудата и побарувачката од талентирана работна сила. Во спротивно, доколку не се поднесе евалуација, Моја кКариера има право да н ги почитува договорените обврски и услуги кон обезбедувачот на праксата и го задржува правото да го избрише практикантот од базата на податоци.
13. По завршување на праксата, обезбедувачот **е должен** да му издаде на практикантот потврда и/или сертификат за извршена практикантска работа.